Република Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 01-120/107
16.12.2014 год
СКОПЈЕ



# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС** – независна регулаторна и супервизорска институција, основана во јули 2002 година како правно лице кое ги штити интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови, ја зајакнува свеста на јавноста за карактеристиките на овој вид осигурување и го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување.

## Визија

Нашата визија е да бидеме препознаени како независна, стручна и транспарентна институција која го штити и унапредува пензискиот систем.

## Мисија

Наша мисија е да ги заштитиме интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови и да го поттикнеме развојот на капитално финансираното пензиско осигурување заради посигурни пензионерски денови.

Вработените во МАПАС покажуваат иницијативност и професинализам во секојдневната работа и посветуваат големо внимание на ефикасноста во работењето, со цел постигнување најдобри резултати. Притоа се користат прецизно утврдени процедури за работа, дефинирани работни планови, проследени со мерење на резултатите и оценување на вработените. На овој начин се промовира иновативност, отворена дискусија и прогресивно и флексибилно работно окружување.

**Политиката за квалитет** е составен дел од Стратегискиот План на МАПАС и претставува рамка за дефинирање на целите за квалитет.

**Кон остварување на целите МАПАС ги исполнува следните принципи:**

- Создавање на современа и комплетна инфраструктура и ефикасни јавни услуги;
- Достигање на нова деловна култура и компентетност на персоналот преку реализација на програмата за обука и мотивација на сите вработени;
- Создавање на ефикасна и ефективна професионална Агенција преку континуирано одржување и подобрување на Систем за управување со квалитет согласно барањата на стандардот ISO 9001:2008;
- Постојано усовршување на процесите и континуирано унапредување на Системот за управување со квалитет;
- Обезбедување на здрава работна средина и обуки за поттикнување на свеста на вработените за заштита на животната средина;
- Управување со процесите транспарентно, професионално, одговорно, посветено и тимски;
- Одржување на високо ниво на мотивација за вработените преку обезбедување на континуиран професионален развој;
- Со Политиката за квалитет се запознаени сите вработени и е достапна на јавноста.

**Политиката за квалитет е основа за определување и преиспитување на целите за квалитет. Секој вработен е должен за спроведување на Политиката за квалитет во рамки на процедурите на МАПАС.**

**Скопје,**

**16.12.2014 година**

**Претседател на Советот на експерти**
**Д-р Булент Дервиши**